Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, јуни 2015 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14 и 199/14), Заменик Претседателот на Влада и Министер за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година и број 01-7191/7 од 11.06.2015 година тоа:

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 12. Сектор за правни работи, во потточка 12.4 Одделение за општи работи, во работното место со реден број „339 Помлад соработник за општи работи“, во делот Вид на образование, зборовите „организациони науки и управување (менаџмент)“ се заменуваат со зборовите „образование“.

Во точка 12. Сектор за правни работи, во потточка 12.4 Одделение за општи работи, по точката 343 Хигиеничар, се додава ново работно место под реден број „343-а Работник за извршување на помошни работи“, кое гласи:

| | |
|---|---|
| 12. Сектор за правни работи | |
| 12.4 Одделение за општи работи | |
| Реден број | 343-а |
| Шифра | УПР0405А03007 |
| Ниво | / |
| Звање | Работник |
| Назив на работно место | Работник за извршување на помошни работи |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | основно образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | помага при евиденцијата на странките кои доаѓаат во Министерството за финансии |
| Работни задачи и обврски | - помага во вршење на работите околу фотокопирање на материјалите;<br>- помага во средување на умножените материјали;<br>- помага во одржувањето на машините за копирање во исправна состојба;<br>- помага во водење на евиденција за умножениот материјал;<br>- помага во прием на потрошен канцелариски материјал и<br>- помага во сместување на потрошните материјали во магацините на Министерството; |

Во точка 12.Сектор за правни работи, во потточка 12.5.Одделение за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии, во работното место со реден број „352 КВ работник за одржување на опремата“, во делот Број на извршители, бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Во точка 12. Сектор за правни работи, во потточка 12.4 Одделение за општи работи, во работното место со реден број 344 „Возач", во делот Број на извршители, бројот „4" се заменува со бројот „6".

Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-7191/8

18-06-2015 година

СКОПЈЕ

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Изработил: Лилијана Стојановска
Проверил: Михајло Михајловски
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ
Согласен: Игор Димитров